РЕВИЗИЈА
СТОЈЧЕВСКИ

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ**

Согласно со член 35 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр.158/10) ТП РЕВИЗИЈА СТОЈЧЕВСКИ(во понатамошниот текст друштвото) го објавува овој извештај за транспарентност за 2014 година. Извештајот ги содржи информацииите во врска со:

1.Опис на правната структура и сопственост на друштвото;

2.Опис на професионална мрежа и правните структурни ангажмани во мрежата каде што припаѓа;

3.Опис на управувачката структура на друштвото;

4.Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото и изјава од овластениот надлежен орган во друштвото за ревизија за ефикасноста на функционирањето на овој систем ; ,

5.Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитет на ревизорот согласно член 20 од Законот за ревизија

6.Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година;

7.Опис и Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени ;

8.Опис и Изјава за  политиката што ја следи друштвото за ревизијаза континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработените  во претходната година;

9.Финансиска информација за приходите

10.Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

**1.Опис на правната структура и сопственост на друштвото;**

Целосен назив на субјектот:Трговец поединец за ревизија ТП РЕВИЗИЈА СТОЈЧЕВСКИ  е основана согласно Законот за ревизија  на 12.06.2009 год. со решение на Министерот за финансии бр.12-20135/2.

Правна форма :Трговец поединеци дввa услуги од областа на ревизијата .

Основано е и регистрирано во Централниот регистар на РМ во Куманово Република Македонија.

+389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Периша Савелиќ 5а, Скопје
revizijastojcevski@yahoo.com

Според тековната состојба друштвото е основано на 07.05.2009 година

Во регистарот на овластени ревизори-трговци поединци при Институтот на овластени ревизори на Република Македонија е заведено под регистарски број ТП 008.

РЕВИЗИЈА СТОЈЧЕВСКИ ТП има лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор-трговец поединец издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија со регистарски број 09.

Друштвото има 2/две/вработени лица на неопределено полно работно време .

Друштвото е во целосна сопственост на Надица Стојчевска овластен ревизор со регистарски број на лиценца 159 и е единствен овластен ревизор вработен на неопределено време.

Приоритетна дејност односно главна приходна шифра е:

69.20-Сметководствени,книговодствени и ревизорски работи,даночно советување

*Осигурување од професионална одговорност*

Друштвото има годишно осигурување од одговорност со Еуролинк осигурување АД Скопје:

-сума на покривање по штетен настан 1.845.000,00 денари или 30000 еур

-број на полиса 130170000382/00

-период на осигурување 20.11.2014 до 20.11.2015 година

**2.Опис на професионална мрежа и правните структурни ангажмани во мрежата каде што припаѓа;**

Друштвото делува локално на територија на Република Македонија и не припаѓа на ниту една професионална мрежа

**3.Опис на управувачката структура на друштвото;**

Трговец поединец-сопственик и управител

**4.Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото и изјава од овластениот надлежен орган во друштвото за ревизија за ефикасноста на функционирањето на овој систем ; ,**

+389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Периша Савелиќ 5а, Скопје
revizijastojcevski@yahoo.com

Политиките и постапките за контрола на квалитет на работата се донесени и усвоени и се спроведуваат врз основа на барањата на Законот за ревизија во Република македонија,како и барањата на прифатените Меѓународни Стандарди за Ревизија(МСР)кои се прифатени како национални стандарди за ревизија во Република Македонија.Политиките и постапките за контрола на квалитет се носат врз основа на барањата на :

а)МСКК1 се однесува на одговорноста на друштвото да воспостави и одржи систем на контрола на друштвото.Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапкикои се однесуваат на :

-Одговорности на лидеритеза контрола во рамки на друштвото

-релевантните етички барања

-прифаќање и одржување на односот со клиентоти специфични аранжмани

-човечки ресурси

-извршување на ангажманот и

-надгледување

б)МРС 220 се однесува на одговорностите на друштвото да воспостави и одржи систем на контрола на квалитет на ревизорските ангажмани.Системот на контрола на квалитет вклучуваполитики и постапки кои се однесуваат на :

-лидерски одговорности за квалитет на ревизиите

-релевантни етички барања

-прифаќање и одржување на односот со клиентот и ревизорскиот ангажман

-назначување на тим на ангажманот

-извршување на ангажманот

-надгледување и

-документација

Одговорен заквалитетот на севкупната ревизорска работа на друштвото е управителот на друштвото(овластен ревизор)кој во името на друштвото ги потпишува ревизорските извештаи.

***Основните цели*** на политиките и постапките за контрола на квалитет на ревизорската работа усвоени од страна на друштвото се:

+389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Периша Савелиќ 5а, Скопје
revizijastojcevski@yahoo.com

-***придржување до професионални барања***,односно придржување на персоналот на основните принципи на независност,објективност,доверливост и професионално однесување

-***одржување на вештините и компетентноста*** според кои политиката на друштвото е дека треба да биде екипирано со персонал кој се стекнал и одржува со соодветни стручни стандарди и соодветна професионална компетенција која се бара со цел да се овозможи персоналот да ги извршува своите обврски со должно внимание

-***пренесување на должности на соодветен персонал*** според кои извршување на ревизорската работа треба да се пренесе(довери) на персонал кој има соодветна стручна подготовка и обука

-***делегирање на надлежности*** според кои политика на друштвото е дека при извршување на ревизорската работа треба да постои соодветен систем за насочување,надзор и преглед на работата на сите нивоа со цел да се обезбеди разумна сигурност дека работата што се извршува е во согласност со барањата на соодветните стандарди

-***консултации*** со соодветни лица за одредени специфични и сложени прашања во рамки на самото друштво или со лица надвор од него(експерти)

-***адекватна политика на прифаќање и задржување на клиенти*** според кои политиките на друштвото е донесување на адекватни одлуки за прифаќање и задржување на одреден клиент да се врши во склад со способноста на друштвото адекватно да ја заврши доверената работакако и да води сметка за својата незавиност и својот интегритет

-***надгледување*** според кои политиката на друштвото е потребата од постојано надгледување на адекватно и ефективно спроведување на политиките и постапките за контрола на квалитетот.

Изјава од овластен надлежен орган за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Системот на контрола на квалитет на друштвото е дизајниран да обезбеди раумно уверување дека:

-Ангажманите на уверување кои сме ги превземале се целосно усогласени со Меѓународните Ревизорски Стандарди,релевантните етички барања како и применливите правни и регулаторни барања

-Извештаите кои ги издаваме се соодветни на околностите

Како основач и управител на друштвото ,а врз основа на спроведените постапки за контрола на квалитет во текот на годината,Изјавувам дека друштвото доследно се придржува на барањата на внатрешниот систем за контрола на квалитет кон донесените политики за контрола на квалитет и истиот функционира ефективно при извршување на поставените задачи.

**Прилог:Изјава**

**5.Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитет на ревизорот согласно член 20 од Законот за ревизија**

Последната проверка за уверување во квалитет на ревизорот согласно член 20 од Законот за ревизија е извршена во септември 2013 година за ревизија на финансиски извештаи за 2012 година

Предмет на контролата:

**6.Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година;**

Субјекти на кои е извршена ревизија во 2014 година се :Поледелство Ерцелија Свети Николе,Бониер Куманово,ДБД Комерц Куманово,КАМ Скопје,Виго 48 Битола,Еделнштајн Скопје и Сточарство АД Богданци

**7.Опис и Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени ;**

Управителот изјавува дека друштвото ги почитува актите и насоките и потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и истите се спроведуваат,друштвото е независно во однос на клиентите .Вработените во друштвото исто така даваат писмени изјави дека се независни во однос на клиентите на друштвото како и изјава дека ќе се придржуваат кон Кодексот на етика на професионални сметководители утврден од IFAC.Друштвото има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и поврзани субјекти.

**Прилог :Изјава**

**8.Опис и Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизијаза континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработените во претходната година;**

Друштвото изјавува дека ја следи политиката за континуирана едукација на овластените ревизори и вработените ,согласно Законот за ревизија и донесените политики на друштвото , ги почитува актите и насоките за континуирана едукација на овластени ревизори.Овластениот ревизор во 2013 год.посетуваше обука од 42 часа годинава во рамките на професионално континуирано усовршување од областа на сметководството и ревизијата организирана од страна на Институтот .

+389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Периша Савелиќ 5а, Скопје
revizijastojcevski@yahoo.com

За другиот ревизорски персонал едукацијата се спроведува во рамки на друштвотопреку организирање на интерни обуки од областа на ревизијата,а се испраќаат и на семинари од акредитирани институции.

**Прилог :Изјава**

**9.Финансиска информација за приходите**

*а)Список на услуги кои ги нуди субјектот*

- услуги на ревизија на годишни и консолидирани финансиски извештаи

*б).Финансиска информација за вкупниот приход за годината за која се известува и за годината која и претходи расчленет на :*

| | *2013* | *2014* |
|---|---|---|
| - услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки | 457.000,00 | 509.000,00 |
| -дополнителни услуги на уверување во квалитет | - | - |
| -даночни советодавни услуги | - | - |
| - други неревизорски услуги | - | - |
| Вкупно: | 457.000,00 | 509.000,00 |

**10.Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.**

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува во вид на бруто плата согласно

Одговорноста,постигнатите резултати,сопственоста, планираните часови и нивото на ангажираност,

Дату 30.03.2015 г.

Управител

Надица Стојчевска

ТП РЕВИЗИЈА СТОЈЧЕВСКИ Надица Ѓорѓи Стојчевска Трговец поединец за ревизија Куманово


+389 71 400 368

Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Периша Савелиќ 5а, Скопје

revizijastojcevski@yahoo.com

РЕВИЗИЈА СТОЈЧЕВСКИ

# ИЗЈАВА

## ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Друштвото изјавува дека ја следи политиката за континуирана едукација на овластените ревизори и вработените ,согласно Законот за ревизија и донесените политики на друштвото , ги почитува актите и насоките за континуирана едукација на овластени ревизори.

Друштвото има развиено политики на :

-континуирана едукација на овластени ревизори во рамките на Институтот на овластени ревизори на Република Мкедонија

-континуирана едукација на персоналот преку присуство на семинари во организација на консултантски куќи од Македонија,интерни обуки во рамки на друштвото,финансиска подрчка при припрема на ревизорски испит и снабдување со соодветна литература.

30.03.2015 година

Изјавил
Надица Стојчевска,управител

Трговец поединец за ревизија ТП РЕВИЗИЈА СТОЈЧЕВСКИ Надица Ѓорѓи Стојчевска Куманово

+389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Periша Савелиќ 5а, Скопје
revizijastojcevski@yahoo.com

РЕВИЗИЈА
СТОЈЧЕВСКИ

# ИЗЈАВА

## ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ

Управителот на Друштвото изјавува дека друштвото има усвоено,применува и врши надзор врз соодветните политики и процедури со кои се обезбедува независност,интегритет и објективност во извршувањето на ревизорските ангажмани во текот на 2014 година.Овие политики и процедури се во согласност со политиките и процедурите воспоставени со професионалните стандарди и законската регулатива во земјата.

Овластениот ревизор-трговец поединец е независен и самостоен во вршењето на ревизијата во рамки на овластувањата утврдени со Законот за ревизија,а во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија и Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC.

30.03.2015 година

Изјавил

Надица Стојчевска,Управител

Трговец поединец за ревизија ТП РЕВИЗИЈА СТОЈЧЕВСКИ Надица Ѓорѓи Стојчевска Куманово

+389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Периша Савелиќ 5а, Скопје
revizijastojcevski@yahoo.com

РЕВИЗИЈА
СТОЈЧЕВСКИ

# ИЗЈАВА

## ОД ОВЛАСТЕН НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ДРУШТВОТО ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Управителот на друштвото изјавувадека системот на контрола на квалитет функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека друштвото и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди,регулаторните и законските барања,и дека издадените ревизорски извештаи се се соодветни на дадените околности.

30.03.2015

Изјавил

Надица Стојчевска Управител

ТП РЕВИЗИЈА СТОЈЧЕВСКИ
Надица Ѓорѓи Стојчевска
Трговец поединец за ревизија
Куманово

+389 71 400 368
Октомвриска Револуција 19/3-6, Куманово
Подружница: Периша Савелиќ 5а, Скопје
revizijastojcevski@yahoo.com